РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖ. ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 10-947/5
29.01 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о.
Ndërmarrja publike e mirëmbajtjes dhe mbrojtjes së rrugëve magjistrale dhe rajonale-Shkup c.o.
Бр./Nr. 03-146/1
29.01 2021 год./viti

**Јавно претпријатие за државни патишта**

**Јавно Претпријатие за одржување и заштита и на магистралните и регионалните патишта**

# Д О Г О В О Р
## за одржување и заштита на државните патишта
## за 2021 година

**Скопје, Јануари, 2021 година**

Врз основа на член 34 и член 83 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/2016; 71/2016 и 163/2016) договорните страни

1. Јавното претпријатие за државни патишта, застапувано од Директорот Ejup Rustemi, како Нарачател (во натамошниот текст: Нарачателот)

и

2. Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта, застапувано од ВД Директорот Беким Мемеди како Извршител (во натамошниот текст: Извршителот)

Во Скопје, на ден_______________2021 година, го склучија следниот

# ДОГОВОР

## за одржување и заштита на државните патишта во за 2021 година

### 1. Општи одредби

**Член 1**

Со овој договор се регулираат меѓусебните права, обврски и одговорности помеѓу Јавното претпријатије за државни патишта и Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта за извршување на работите од одржување и заштита на државните патишта (во понатмошниот текст: Патиштата) согласно со Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија"број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/2016; 71/2016 и 163/2016), Правилникот за мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите за нивното извршување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, зимско, периодично и интервентно одржување на јавните патишта ("Службен весник на Репиублика Македонија" бр.152/2008), (во понатамошниот текст: Правилникот за одржување), Правилникот за начинот на заштита на јавните патишта ("Службен весник на Република Македонија" бр.122/2010) (во понатамошниот текст: Правилникот за заштита), како и во согласност со законите и прописите од областа на сообраќајот.

**Член 2**

Предмет на овој Договор се работите на одржување и заштита на државните патишта и се однесуваат на: зимско одржување, редовно одржување, периодично (инвестициono одржување), интервентно одржување и останатите работи за одржување и заштита на патиштата, како и извршување на работите и активностите за контрола на вкупната тежина и оскиниот притисок на возилата, техничка помош при издавање одобрувања за поставување во заштитниот појас на патот на телефонски, телеграфски и други кабловски водови, нисконапонски електрични водови, односно водови за напојување, канализација, водоводи, топловоди и други слични уреди, поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта, поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас, поставување на заштитни огради покрај државните патишта, вонреден превоз и прекумерно користење на пат.

Доколку при вршењето на работите на одржување и заштита на државните патишта кои се во делот на патот и патниот појас, изведувачот наиде на проблеми поради имотно правни односи и експропријација истите ќе ги решава нарачателот.

Работите на одржување и заштита на патиштата кои се предмет на овој Договор се утврдени со Програма за одржување и заштита на државни патишта за 2021 година и Извршителот ќе ги извршува во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

Нарачателот писмено ќе го извести Извршителот, во случаите кога некои работи од

одржување и заштита на државните патишта ги даде да ги работат трети лица.

## 2. Оперативни планови

**Член 3**

Врз основа на Програмата за одржување и заштита на државните патишта Извршителот во согласност со Нарачателот во рок од 45 дена од потпишување на Договорот изработува Оперативен план за одржување на државните патишта во кој се дефинирани патните правци, локациите, видот и количините на работите, финансиските средства и роковите за почеток и крај на активностите.

Извршителот се обврзува да се придржува на Оперативниот план и ефикасно да ги извршува предвидените работи.

**Член 4**

Доколку има потреба за извршување на работи кои не се опфатени со Оперативниот план, а потребата од нивното извршување е неопходна, Извршителот е должен да ги изврши тие работи по претходна согласност од Нарачателот.

**Член 5**

Извршителот се обврзува дека навремено и квалитетно ќе ги извршува работите, ќе применува такви организациони решенија, кои ќе обезбедат рационално користење на материјалите и ќе ги обезбеди потребните сертификати и атести.

**Член 6**

Во случаи на ненавремено, неквалитетно, нецелосно и нерационално извршување на работите кои се предмет на овој Договор, Нарачателот со претходно известување на Извршителот, работите од членот 2 утврдени со Програмата за одржување и заштита на државни патишта, може да ги даде на извршување на други правни лица во согласност со Законот за јавните патишта.

## 3. Зимско одржување

**Член 7**

Работите од зимското одржување на патиштата, Извршителот и Нарачателот се согласни да ги утврдуваат со Годишен акционен план за зимско одржување на патиштата (Оперативна програма за зимско одржување).

За спроведување на активностите за функционирање и безбедно одвивање на сообраќајот во зимски услови во согласност со Правилникот за одржување и Оперативната програма за зимско одржување, Извршителот се согласува да воведе посебна организација на работа во зимски услови.

**Член 8**

Извршителот е должен да обезбеди потребна количина на абразивни материјали (сол, ризла) за зимско одржување.

Извршителот врши попис на абразивните материјали останати како залиха во годината најдоцна до 30 април, а распишување на јавен повик за набавка на потребната количина за следната сезона врши најдоцна до 31 август во тековната година, по претходно добиена согласност од Нарачателот.

## 4. Редовно одржување

**Член 9**

Во согласност со Правилникот за одржување, при оперативното организирање за извршување на работите од редовното одржување на патиштата, Извршителот е должен да обезбеди ефикасност во отстранување на недостатоците на патиштата за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот.

**Член 10**

За обезбедување на преглед и увид во состојбата на патиштата и извршување работи од одржувањето на патиштата од помал обем, Извршителот се обврзува да

организира дежурно-интервентна служба (прегледувачки екипи).

Бројот на екипите, временскиот период на интервенција и одредување на трошоците се утврдува со пресметка која ја одобрува Нарачателот.

5. **Периодично (инвестиционо) одржување**

**Член 11**

Извршителот е должен да ги извршува сите активности и работи од периодичното одржување во согласност со Законот за јавните патишта, и со примена на важечките технички услови, стандарди и договорна документација.

**Член 12**

За секоја активност од периодичното одржување, пред отпочнување на работите се изготвува предмер-пресметка врз основа на утврдените единечни цени за инвестиционо одржување (кои се прилог кон овој Договор), позициите за работа и потребните количини, кои претходно се усогласува и одобрува од Нарачателот.

Во единечните цени на пресметката се вкалкулирани сите трошоци за целосно извршување на работите.

Во пресметката се назначува рок за извршување на работите. Пресметката треба да биде потпишана и од надлежниот Надзорен инженер за одржување.

**Член 13**

По завршување на работите Извршителот е должен писмено да го извести Надзорниот орган дека објектот е завршен. Доколку според мислење на надзорниот орган работите не се завршени, Надзорниот орган, во рок не подолг од 15 дена, му доставува на Извршителот писмени упатства специфицирајќи ги активностите што според негово мислење Извршителот треба да ги изврши за работите да бидат целосно завршени. Ако според Надзорниот орган работите се завршени, писмено го известува Нарачателот.

Гарантен рок за извршените работи кој го дава Извршителот е 2 (две) години од датумот на завршување на работите.

Доколку во гарантниот период од две години се јават некој недостатоци, Извршителот на негов трошок е должен истите да ги поправи во рок утврден од страна на Надзорниот орган потврден од страна на Нарачателот. Доколку Извршителот не ги отстранат недостатоците во дадениот рок, Нарачателот трајно ќе му задржи финансиски средства на Извршителот во висина на констатираните недостатоци од било која месечна ситуација во текот на гарантниот период. Одземениот износ ќе биде на товар на Извршителот.

**Член 14**

Ако Извршителот не ги извршува работите во согласност со важечките технички услови, стандарди, договорна документација, (Член 11) и не ги заврши позициите за работа согласно предмер-пресметката (Член 12) до завршување на работите односно до отстранување на недостатоците, Нарачателот има право и може да задржи до 5% од договорената вредност за извршените работи на објектот од сите позиции на работа предвидени во предмер-пресметката. Доколку Извршителот не ги отстрани недостатоците Нарачателот ќе задржи 5% или дел од од таа сума, доколку со тоа ги покрива трошоците за констатираните недостатоци. Доколку има потреба, ќе задржи и дополнителни средства за отстранување на недостатоците од било која друга ситуација во тековната или наредната година.

**Член 15**

Во исклучителни случаи кога поради лоши временски услови, елементарни непогоди, виша сила, или други објективни причини кои ќе бидат взаемно прифатливи, Извршителот неможе да ги отстрани недостатоците во тековната година, ќе му биде овозможено одложување на работите се додека не се овозможат услови за истото (ако е потребно и наредната тековна година). Заради обезбедување на правна сигурност дека Извршителот ќе ги изврши предвидените работи ќе биде потребно да се потпише Спогодба помеѓу Извршителот и Нарачателот во која ќе стои точната вредност на финансиски средства потребни за отстранување на недостатоци како времетраењето на одложување на работите и рок за завршување на истите.

За извршените работи на кои се констатирани недостатоци, Нарачателот може да му ги исплати предвидените финансиски средства за отстранување на недостатоците на Извршителот во тековната година, само доколку е потребно одложување на извршување

на работите за наредната година

Доколку Извршителот не ги изврши предвидените работи во дадениот рок во Спогодбата, или се утврдат одредени недостатоци на извршените работи, финансиските средства предвидени за таа работа ќе му бидат одземени од било која времена ситуација во наредната година.

**Член 16**

Доколку има потреба за склучување на спогодба наведена во член 15 истата ќе биде составен дел од Договорот за наредната година.

## 6. Интервентно одржување (непредвидени работи)

**Член 17**

За непредвидените работи кои ќе се јават како резултат на елементарни непогоди и виша сила, Извршителот е должен, во најкус можен рок да преземе мерки и активности за отстранување на последиците од истите.

За непредвидените работи и отстранување на последиците од нив, Извршителот е должен да го извести усмено Нарачателот веднаш по појавата на истите, а во рок од 24 часа и по писмен пат.

Во најкус можен рок договорните страни утврдуваат потребни количини и рокови и врз основа на утврдените цени (кои се прилог кон овој Договор) прават предмер-пресметка за завршување на работите. За извршување на овие работи задолжително се води градежен дневник и градежна книга и се изработува ситуација за исплата по извршената работа.

## 7. Останати работи за одржување и заштита на патишта

**Член 18**

Останатите работи кои Извршителот може да ги врши се: заштита и контрола на патиштата со објектите и опремата, информирање за состојбата на патишта, броење на возила, обработка и водење на евиденција на податоците, изработка на катастар, изработка на техничка документација за објектите од инвестиционо одржување, одржување на зимски пунктови како и објектите кои се составен дел на патиштата и служат за нивно одржување, техничка помош за контрола на вкупната тежина и оскиниот притисок на возилата, техничка помош при издавање одобрување за поставување во заштитниот појас на патот на телефонски, телеграфски и други кабловски водови, нисконапонски електрични водови, односно водови за напојување, канализација, водоводи, топловоди и други слични уреди, техничка помош при издавање на одобрување за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас, поставување на заштитни огради покрај државните патишта, вонреден превоз и прекумерно користење на пат, техничка помош при изведба на работи на патот од друг изведувач по барање на Нарачателот и друго.

**Член 19**

Заштита на патот подразбира превземање мерки и активности потребни за спречување на недозволени дејствија во трупот на патот, патниот и заштитниот појас, за кои важат одредбите од Законот за јавни патишта.

За превземените активности и мерки Извршителот задолжително поднесува месечен извештај до Нарачателот.

За трошоците направени во врска со преземените активност Извршителот доставува пресметка на одобрување до Нарачателот.

**Член 20**

За состојбата и проодноста на патиштата, Извршителот со својата организациона поставеност обезбедува редовно информирање на корисниците на патиштата и другите правни лица овластени за давање информации и техничка помош, преку посебно организиран Центар за информации.

Трошоците за преземените активности Извршителот и Нарачателот ги утврдуваат со пресметка. Во пресметката ќе бидат утврдени трошоците: посебно за период од 01 Октомври до 31 Март и посебно за период од 01 Април до 30 Септември за цела година.

**Член 21**

Извршителот се обврзува да врши редовни контроли на вкупната тежина и

оскиниот притисок на возилата на патиштата, да води евиденција за извршените контроли да доставува месечни и годишен извештај до Нарачателот.

Планот и бројот на контролите на државните патишта ќе биде во согласност со МВР, Државен инспекторат за тренспорт и Нарачателот.

За трошоците направени во врска со преземените активност Извршителот доставува пресметка на одобрување до Нарачателот.

**Член 22**

Извршителот се обврзува по барање на Нарачателот да врши теренски увид заради утврдување на локации со стационажи, како и постоење на други потребни услови за давање на одобрувања од страна на Нарачателот за поставување на инсталации, уреди, натписи и рекламни табли и заштитни огради, во патниот и заштитниот појас врз основа на техничка документација и во согласност со законските и подзаконските прописи.

Извршителот истовремено се обврзува по барање на Нарачателот да врши теренски увид и контрола за исполнување на условите утврдени со одобрувањето за поставување на инсталации, уреди, натписи и рекламни табли и заштитни огради во патниот и заштитниот појас, издадена од Нарачателот.

**Член 23**

Извршителот е должен постојано да ја следи состојбата на патиштата.За работи кои заради безбедност на сообраќајот не трпат одлагање или постои опасност за стабилноста на трупот на патот или објект на патот, веднаш превзема мерки и го известува Нарачателот.

**Член 24**

Инвестиционото одржување на објектите, кои ги користи Извршителот за извршување на дејноста, се на сметка на Нарачателот.

Нарачателот е согласен на Извршителот да му ги отстапи на користење објектите кои се негова сопственост и се во функција за извршување на дејноста за одржување и заштита на патиштата (пунктови,автобази и друго).

Извршителот се обврзува објектите да ги користи и со нив совесно да управува и тековно да ги одржува на своја сметка.

## 8. Вредност на извршени работи

**Член 25**

Вредноста на работите кои се предмет на овој Договор се утврдува со Програмата за одржување и заштита на државните патишта за 2021 година, со согласност на двете договорни страни и се утврдува на следните износи со ДДВ од 18%:

| Позиција | Програма 2021 година (МКД) |
|---|---|
| 4. Периодично (Инвестиционо) одржување на патишта | 700.000.000,00 |
| 5. Одржување на патишта | 1.150.000.000,00 |
| | |
| 7. Одлука на Владата на РМ бр.11754/13 од 11.12.2020 и Одлука бр.44-12415/2 од 22.12.2020 за набавка на механизација на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта | 180.000.000,00 |
| Вкупно: | 2.030.000.000,00 |

Извршителот е должен да се придржува кон планираните средства од овој Договор. Секое пречекорување без согласност на Нарачателот нема да биде признато и ќе биде на сметка

на Извршителот.

**Член 26**

Единечните цени за извршување на работите кои не се предвидени со одобрените ценовници се утврдуваат со калкулации - пресметки врз основа на вредноста на материјалите, зголемена за транспортните трошоци, употребната механизација и чинење на работната рака за извршување на работите.
Транспортните трошоци и трошоците за механизацијата се земаат од одобрените ценовници.

**Член 27**

Чинењето на еден ефективен час во бруто износ се утврдува со следните вредности:

| | |
|---|---|
| - за непосредни работници (патари) | 173,00 денари/час |
| - за возачи и ракувачи на градежни машини | 234,00 денари/час |

Поради отежнати услови и зголемени трошоци на работењето во зимското одржување, за ангажираните непосредни работници, возачи и машинисти, утврдени во Оперативната програма за зимско одржување, ефективниот час е за 20% поголем од договорениот ефективен час.

**9. Водење на градежен дневник, градежна книга и надзор**

**Член 28**

За извршување на работи од зимско, редовно, периодично и интервентно одржување и останатите работи за одржување на патиштата, Извршителот води градежен дневник, градежна книга и друга градежна документација за извршените работи, согласно законските прописи, техничките услови и договорната документација.

**Член 29**

Квантитативниот, квалитативниот и финансискиот надзор над извршените работи на одржување на патиштата Нарачателот го организира со помош на стручна организација за Надзор.
Нарачателот се обврзува преку Надзорните инженери да се грижи за извршување на договорените обврски, за извршените количини и квалитет на истите согласно пропишаните стандарди и технички услови.
Прием на количините на извршените работи се врши од Надзорните инженери во присуство на раководителите на работите.

**Член 30**

За работите кои не е можно да се мерат и утврдат на теренот, а за утврдување на обемот на стварно извршените работи Извршителот е должен да обезбеди оригинална документација (фактури, понуди, трошковник на часови и др.), да ги стави на увид на надзорните органи и да приложи копии од истите во месечните ситуации.

**Член 31**

Пресметувањето на извршените работи се врши врз основа на количините утврдени со градежните книги и градежните дневници, согласно одобрените ценовници, калкулации и пресметки.

**10. Плаќање на извршени работи**

**Член 32**

Плаќање на извршените работи за тековниот месец се врши преку ситуации кои се доставуваат до Нарачателот најдоцна до крајот на наредниот месец.
Ситуациите за тековното одржување се прават посебно за магистралните и посебно за регионалните патни правци. За останатите работи се прават ситуации за секоја позиција согласно Програмата, врз основа на утврдените заверени количини во градежната книга и градежниот дневник.
Ситуациите се доставуваат до Нарачателот во 6 (шест) примероци од кои по три за секоја договорна страна, предходно потпишани и заверени од Надзорниот инженер и

Надзорниот орган.

Надзорниот инженер има обврска во рок од три дена по приемот на ситуациите да изврши преглед, да ги корегира и потпише истите или доколку има забелешки да ги врати непотпишани.

**Член 33**

Доставените, предходно потпишани ситуации од Надзорниот орган, Нарачателот ги исплатува на Извршителот во рамките на планираните средства со Програмата за одржување и заштита на патишта и во зависност од приливот на планираните средства, најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот.

**Член 34**

Ако Извршителот не ги извршува работите од одржувањето и заштита на државните патишта, во согласност со Правилникот, важечките технички услови, стандарди и договорна документација, Нарачателот има право да намали 5% месечно за соодветите позиции од доставените ситуации.

**Член 35**

Ако по било кој основ за работи од одржувањето треба да бидат намалени финансиски средства (за неквалитет, недовршени работи, враќање на аванс и други случаи), Нарачателот има право да ги намали средствата од било која наредна исплата во тековната или наредната година. Висината на финансиските средствата кои треба да бидат намалени за неквалитет ќе зависат од позицијата за кои се намалени. Истите можат да изнесуваат до 100% во зависност од констатираниот неквалитет за соодветната позиција.

**Член 36**

Согласно Одлука на Владата на РМ бр.11754/13 од 11.12.2020 и Одлука бр.44-12415/2 од 22.12.2020 одобрени се средства во износ од 180.000.000,00 денари на Јавното претпријатие за државни патишта. Средствата треба да се искористат исклучиво за набавка на механизација на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта. Целата поостапка во согласност со важечките законски прописи за набавка на механизацијата ќе ја спреведе Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта.

**11. Завршни одредби**

**Член 37**

Прилог на овој Договор се:

- Единечни цени за работи од инвестиционо одржување, 02-3505/19 од 13.08.2012
- Ценовник за позиции од редовно одржување, 02-3505/19 од 13.08.2012,
- Годишен акционен план за зимско одржување на државните патишта за сезона 2020/2021, бр.10-11369/2 од 04.11.2020 и бр.09-1840/1 од 30.10.2020,
- Одлука на Владата на РМ бр.11754/13 од 11.12.2020 за одобрување на средства од Буџетот на РМ за 2020 и Одлука бр.44-12415/2 од 22.12.2020 за изменување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РМ за 2020 година.

**Член 38**

Доколку корисниците на патот претрпат штета поради неоправдано неизвршени работи од овој Договор од страна на Извршителот, Извршителот сам ќе ги сноси одговорностите и ќе ја надомести предизвиканата штета на корисниците на патот, а во случај Нарачателот да ја надомести штетата на корисниците на патот, исплатениот износ ќе биде намален од плаќањето на Извршителот од првата наредна месечна ситуација.

Доколку во случај Нарачателот по правосилна судска пресуда во која солидарно биле задолжени со Извршителот, целосно ја надоместил штетата на корисниците на патот настаната во периодот на важење на овој договор, 50 % од исплатениот износ ќе биде намален од плаќањето на Извршителот од првата наредна месечна ситуација.

**Член 39**

За се што не е регулирано со овој Договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 40**

Договорните страни се согласни заради настанување на одредени промени во Законската регулатива, промени на потребите на Нарачателот, како и заради измени во Програмата за одржување и заштита на државните патишта, да се склучи Анекс на овој Договор заради регулирање на настаната промена.

**Член 41**

Договорот е со важност и со примена од 01.01.2021 година.

Договорните страни се согласни дека истиот може да биде раскинат од двете договорни страни и пред истекот на рокот за кој што е склучен.

Договорните страни се согласни откажувањето да се изврши со претходно писмено известување, најдоцна 15 дена пред откажувањето.

**Член 42**

Сите спорови кои евентуално ќе произлезат од овој Договор, странките се согласни да ги решат спогодбено, а тие што нема да се решат на таков начин, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 43**

Договорот е составен во 8 (осум) еднообразни примероци од кои по 4 (четири) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| ЈП за државни патишта | Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта |
| Директор<br>Ejup Rustemi | ВД Директор<br>Беким Мемеди |

Врз основа на член 44 од Законот за изменување и дополнување на законот за јавните патишта (Службен весник на Република Македонија број 168/12), и член 34 од Законот за јавните патишта, ("Сл. Весник на РМ" бр. 84/08, 52/2009, 114/2009, 124/2010, 23/2011,53/2011,44/2012, 168/2012, 163/2013,187/2013, 39/2014, 42/2014,166/2014, 44/2015,116/2015,150/2015, 31/2016, 71/2016 и 163/2016 ) за работите од одржување и заштита на државните патишта Јавното претпријатие за државни патишта и ЈП за одржување на магистралните и регионалните патишта:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 10-947/2
29-01 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Ndërmarrja publike e mirëmbajtjes dhe mbrojtjes së rrugëve magjistrale dhe rajonale-Shkup sh.p.k.
Бр./Nr. 09-142/2
29-01-21

## ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2021 ГОДИНА

| Шифра | Позиција | Програма 2021 (денари) |
|---|---|---|
| 4. | **Периодично (инвестиционо) одржување** | **700.000.000,00** |
| 5. | **Одржување на патишта** | **1.150.000.000,00** |
| 7. | **Влада на РМ Одлука бр.11754/13 од 11.12.2020 и Одлука бр.44-12415/2 од 22.12.2020 одобрени средства за набавка на механизација на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта** | **180.000.000,00** |
| | **Вкупно** | **2.030.000.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | **Периодично (инвестиционо) одржување** | **700.000.000,00** |
| 4.1. | Надградби и поправки на дотраени коловози | 698.500.000,00 |
| 4.2. | Санација на свлечишта и заштита на трупот на патот | 0,00 |
| 4.3. | Решавање на црни точки, уредување на приклучоци, паркиралишта и автобуски постојки | 0,00 |
| 4.4. | Обнова на сообраќајна сигнализација и патна опрема | 1.000.000,00 |
| 4.5. | Садење на заштитни шумски појаси и хортикултурно уредување | 500.000,00 |
| 4.6. | Санација и зајакнување на мостови | 0,00 |
| **5.1.** | **Зимско одржување** | **375.000.000,00** |
| 5.1.1. | Зимска служба | 250.000.000,00 |
| 5.1.2. | Набавка на материјали за зимска служба | 125.000.000,00 |
| **5.2.** | **Редовно одржување** | **695.000.000,00** |
| 5.2.1. | Тековно одржување | 145.000.000,00 |
| 5.2.2. | Поправка на коловозот -крпење на ударни дупки | 30.000.000,00 |
| 5.2.2.1 | Приоритетна модернизација и делумна рехабилитација на патни правци | 180.000.000,00 |
| 5.2.3. | Ископ на нови патни канавки | 45.000.000,00 |
| 5.2.4. | Дежурна интервентна служба | 25.000.000,00 |
| 5.2.5. | Одржување на електрични инсталации | 0,00 |
| 5.2.6. | Одржување на хоризонтална сигнализација | 180.000.000,00 |
| 5.2.7. | Одржување на вертикална сигнализација и патна опрема | 50.000.000,00 |
| 5.2.8. | Поставување и одржување на оградни и обложни мрежи | 40.000.000,00 |
| **5.3.** | **Останати работи за одржување на патишта** | **80.000.000,00** |
| 5.3.1. | Заштита на патишта | 1.000.000,00 |
| 5.3.2. | Центар за информации | 1.700.000,00 |
| 5.3.3. | Броење на возила, обработка и водење на податоци | 0,00 |
| 5.3.4. | Евиденција за состојбата-катастар на државни патишта | 0,00 |
| 5.3.5. | Изработка на проектна документација за одржување на патишта | 0,00 |
| 5.3.6. | Одржување на зимски пунктови | 76.000.000,00 |
| 5.3.7. | Извршување на роботи од решенија на инспекција | 400.000,00 |
| 5.3.8. | Санација на штети од елементарни непогоди | 400.000,00 |
| 5.3.9. | Оперативна резерва | 500.000,00 |
| **7.** | **Влада на РМ Одлука бр.11754/13 од 11.12.2020 и Одлука бр.44-12415/2 од 22.12.2020 одобрени средства за набавка на механизација на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта** | **180.000.000,00** |

Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта
вд Директор
Беким Мемеди

Јавно претпријатие за државни патишта
Директор
Бур Рушити